

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**18 - 25 фев 2026 Билтен бр. 623**

# ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ФОРМАЛИЗАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА:ПРЕКУ СОРАБОТКА ДО УСПЕХ“

**Градоначалникот Сотир Лукровски, присуствуваше на годишната конференција „Формализација на неформалната економија: Преку соработка до успех“ која ја организираше Министерството за финансии во соработка со УНДП, Меѓународната организација на трудот (МОТ) и Економскиот факултет Скопје при УКИМ.**

**Во фокус на конференцијата беше креирањето на политики за ефикасен процес на формализација на неформалната економија во земјата и за таа цел, од страна на надлежните министерства, Стопански комори, Организации на работодавачи, Синдикати и Академската фела беше потпишана „Декларација за партнерство и акција: Заедничка посветеност за формализација на неформалната економија во Сееверна Македонија“.**

**Општина Карпош во своите локални политики имплементира проекти и активности во насока на развој на претприемништвото и ќе продолжи да биде одговорен и посветен поддржувач на формалната економијата во државата.**



# ПРОФЕСИОНАЛНА ПСИХО-ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР ОД КАРПОШ

**На иницијатива од д-р Камелија Симеонова, Специјалист по детска и адолесцентна психијатрија од приватната болница ,,Аџибадем Систина", во просториите на Општина Карпош се одржа првата психо-едукативна работилница, наменета за наставниците и стручните соработници од општинските основни училишта. Централна тема на работната сесија беше стручната и применлива интерактивна едукација, насочена кон психолошката стабилност на наставниот кадар. Во рамки на презентацијата, акцентот беше насочен кон прашањето за психолошкиот товар кој го носат наставниците, а дискусијата заврши со кратка размена на меѓусебни искуства од наставната пракса.**

**Потоа, следуваше осврт на саморегулацијата кај наставниците, додека пак, учесниците на оваа работилница беа запознаени и со практичните техники за смирување во определени ситуации. Во текот на работилницата се разговараше за детектирањето на ризичните состојби кај децата, при што се потенцираше улогата на наставникот како прв препознавач во емоционалните и психосоматските индикатори кај учениците и адолесцентите. Дополнително беше нагласена и важноста од постојана соработка со стручни лица и инстуционалното постапување, како и советодавната улога на здравствениот систем која ќе се применува во моделите на образованието во Карпош.**

**Психо-едукативните работилници за основните училишта ширум локалната самоуправа, ќе продолжат и во наредниот период. Со ваквиот пристап, Општина Карпош овозможува континуирана поддршка за наставниците и стручните соработници која е особено значајна за јакнење на психолошката стабилност и градење училишна средина исполнета со доверба, грижа и разбирање.**



# ЗАПОЧНА ВЕЛИГДЕНСКИОТ ПОСТ

**Почитувани карпошани,**

**Православните христијани го одбележаа празникот Прочка – Велики поклади, ден посветен на меѓусебното простување и духовно очистување пред почетокот на Велигденскиот пост. Суштината на Прочка е едноставна, но длабока – да побараме прошка од ближните и да им простиме од срце. Проштевањето е суштинско и е израз на љубовта и првиот чекор кон духовно обновување и чиста душа пред постот.**

**Градоначалникот Сотир Лукровски и Општина Карпош упатуваат искрени желби кон сите православни христијани кои денес го започнуваат Велигденскиот пост**

**Постот не е само воздржување, туку и пат кон духовно смирување, молитва и христијански начин на живеење.**

**Нека овој свет период ви донесе мир, надеж и среќа во исчекувањето на најголемата христијанска радост Велигден..**

**За многу години!**

## ЗАПОЧНА ВЕЛИГДЕНСКИОТ ПОСТ

**Груба лага и манипулација се тврдењата за некакви проекти налик на искуства од други држави во регионот. Ниту сме планирале ваков тип на урбанизација ниту планираме. Свесното изврртување на факти и пласирањето на нотoрни лаги е опасна игра со јавноста која остро ја осудуваме.**

**Во име на транспарентноста и отворената комуникација која Општина Карпош ја води со граѓаните, по низата шпекулации и лажни вести кои се проширија, должни сме пред севкупната јавност да ги посочиме следните факти:**

**Работиме на средување на урбанистичкиот хаос кој го наследивме во Општина Карпош**
**Сите започнати постапки од претходното раководство, преку надлежната комисија за урбанизам се дадени на ревидирање и повторно разгледување**
**Сето ова е преземено со цел да се заштити интересот на граѓаните, развојот на зелениот простор во општината, хуманото уредување на просторот во рамки на законската регулатива.**

**Карпош ќе се развива според потребите на карпошани и во директна консултација со карпошани. Новото раководство на општината ќе работи само и исклучиво во интерес на граѓаните на Општина Карпош.**

**За сите информации кои произлегуваат од постапката за донесување на детален урбанистички план во иднина, преку анкети и соопштенија, навремено и транспарентно ќе бидат информирани граѓаните и пошироката јавност.**

# ЗАПОЧНА ПРОЛЕТНАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

**Како дел од рутинските активности за одржување на јавната хигиена, Општина Карпош минатата недела започна со редовната пролетна дератизација на околу 5.000 шахти. Во таа насока, со процесот на дезинфекција, дезинсекција и дератизација беа опфатени и сите основни училишта и детски градинки на територија на локалната самоуправа. Инаку, Општината ја презема оваа активност секоја година на пролет и есен, како превенција од штетните глодари и инсекти, во насока на одржување на здравата животна средина.**



# КАРПОШ ЌЕ НАБАВУВА МАШИНА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОТПАД И ДЕПОНИИ

**На 24.02.2026 се одржа деветтата седница на Советот на Општина Карпош, каде советниците разгледуваа и одлучуваа по три точки од дневниот ред. Оттука, поддршка доби Предлог – Одлуката за кофинансирање на проектот кој го објави Министерството за локална самоуправа на РСМ, насловен како „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи“. Станува збор за набавка на механизација која ќе ја користат службите од Општина Карпош, задолжени за одржување на јавната хигиена на своја територија. Имено, оваа машина ќе служи за расчистување на различен вид отпад, гранки, лисја, но исто така и за отстранување на депонии. Согласно техничката спецификација, проценетата вредност на машината е близу 3 милиони денари со пресметан ДДВ. Во случајов Општина Карпош ќе го кофинансира проектот со 330.000 денари со вклучен ДДВ, односно ќе учествува со финансиски средства во висина од 11% од вредноста на набавката.**

**Со мнозинство гласови беше поддржана Предлог – Одлуката со која Советот дава согласност за распишување на Јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво кој ќе биде објавен на официјалната веб-страница на Општина Карпош. Инаку, Советот за поддршка на женско претприемништво на Општина Карпош, се формира заради поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемачи во општината.**

**Советниците на денешната седница ги изгласаа и измените и дополнувањата на Решението за разрешување и именување на член во Управниот одбор на општинска детска градинка „Мајски Цвет“.**



# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НАЈУСПЕШНИ ВО ПРОИЗВОДСТВО НА КОМПОСТ

**ООУ „Владо Тасевски“ ја освои првата награда на Јавниот оглас кој го објави Секторот за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош, за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта на територија на локалната самоуправа. За најдобро постигнатиот резултат, ова училиште доби парична награда од Општината во висина од 50.000 денари. Второто место го освои ООУ „Братство“ кое доби награда во висина од 30.000 денари, додека пак, ООУ „Петар Поп Арсов“ заврши на третата позиција, освојувајќи 20.000 денари.**

**Оваа иницијатива ја реализира Секторот за екологија и енергетска ефикасност, согласно Годишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности, дефинирани со ЛЕАП 3 за 2025 година. Согласно условите дадени во јавниот оглас, во рамки на крајниот рок аплицираа пет основни училишта, и тоа: ООУ „Владо Тасевски“, ООУ „Братство“, ООУ „Димо Хаџи Димов“, ООУ „Петар Поп Арсов“ и ООУ “Јан Амос Коменски”.**

**По разгледување на апликациите и посетата на терен, Комисијата изврши бодување според критериумите за квалитет на произведен компост (дали истиот содржи органски материи и во која количина), и според времето за произведување на компостот.**

**Целта на овој проект е Општина Карпош да ги стимулира основците да селектираат органски отпад, со што ќе се влијае врз намалување на отпадните маси во природата (како на пример, овошје, зеленчук и слично). Исто така, на овој начин се создаваат здрави еколошки навики кај младите карпошани, кои потоа ќе ја употребат компостираната маса за оплеменување на училишните дворови, односно за засадување на цветна флора и друг вид на растенија.**



# ПРОВЕРКА НА ХИДРАНТСКАТА МРЕЖА И ПП АПАРАТИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

**Овластени лица од сертифицирана фирма која ја ангажираше Општина Карпош, деновиве вршат проверка на исправноста, протокот и притисокот на хидрантската мрежа и противпожарните апарати во основните училишта и детските градинки кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа. Станува збор за акција која е дел од редовните активности на Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од Општина Карпош. Инаку, овие активности се преземаат во насока на зголемување на нивото на безбедност од пожар, како превентивна мерка за контрола и увид во фактичката состојба со објектите во кои учат и престојуваат помладата генерација карпошани.**



# СО ПОЛОЖУВАЊЕ НА СВЕЖО ЦВЕЌЕ, ОПШТИНА КАРПОШ ЈА ОДБЕЛЕЖА 22-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА БОРИС ТРАЈКОВСКИ

**Трочлена делагација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Сотир Лукровски, денеска положија свежо цвеќе пред споменикот на загинатиот поранешен претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, по повод 22-годишнината од трагичната авионска несреќа.**

**Трајковски почина на 26 февруари 2004 година, во македонскиот владин авион на патот кон економската конференција во Мостар, Босна и Херцеговина, заедно со уште осум делегати.**





# РЕАЛИЗИРАНА ВТОРАТА ПСИХО-ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

**Со цел, унапредување на образовниот процес и создавање инклузивна и психолошки стабилна училишна средина, во Општина Карпош се одржа втората психо-едукативна работилница за наставниот кадар од основните училишта.**

**Денешната стручна обука ја реализираа д-р Верица Малинкова-Димовска, специјалист по психијатрија и дефектологот м-р Бољетин Зенуни од приватната болница „Аџибадем Систина“. Нивното предавање на работилницата претставуваше можност за размена на искуства и знаења, со цел унапредување на практиките во областа на менталното здравје. Работилницата опфати современи педагошки пристапи, интерактивни методи и практични примери за развивање стратегии за справување со предизвици во наставниот процес.**

**Едукативната средба ја проследија наставници и стручни служби од ООУ „Јан Амос Коменски“, ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ и ООУ „Димо Хаџи Димов“.**

**Третата и завршна психо-едукативна работилница ќе се одржи следната недела и исто така ќе биде посветена на конкретните стратегии за имплементација на стекнатото знаење во секојдневната наставна практика.**



# ДОСТОИНСТВЕНО ОДБЕЛЕЖАН СПОМЕНОТ ЗА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ

**Со хорска изведба на националната химна „Денес над Македонија се раѓа", од хорот „Серенада", денеска, Сојузот на борците од НОАВМ (1941-1945) и граѓаните кои го почитуваат ликот и делото на Кузман Јосифивски-Питу, ја одбележаа 82-годишнината од загинувањето на еден од најголемите партизански и народни херои во Народноослободителната борба (НОБ) во Македонија. Пред спомен-обележјето на народниот херој во населбата Козле, со пригоден говор, градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски ги поздрави присутните граѓани и членовите на Сојузот на борците, истакнувајќи дека овој датум е за сеќавање, за достоинство, но и за историска одговорност, кон херојот кој го вградил својот живот во темелите на македонската државност.**

**„Почитувани претставници на Сојузот на борците, ценети членови на здруженијата на пензионери, драги сограѓани почитувачи на ликот и делото на нашиот народен херој. Кузман Јосифовски-Питу, беше симбол на непоколебливата верба во слободата и во правото на македонскиот народ за сопствена држава. Неговата лична жртва, беше израз на длабоко вкоренета љубов кон татковината и кон идните генерации. Благодарение на ваквите историски личности, ние денес живееме во сопствена и меѓународно признаена држава. Меѓутоа нашата задача не е само да ги споменуваме, туку да ги разбираме и одржуваме во пракса нивните идеали. Државноста не се гради само со историски и политички декларации . Таа се гради секој ден со одговорност , со почитување на различностите, со солидарност и со заедништво. Се гради со дијалог, наместо со поделби, со почит, наместо со навреди, со работа, наместо со празни зборови" – нагласи првиот човек на Општина Карпош Сотир Лукровски.**



Претседателот на СБМ –Карпош Владо Трајаноски истакна дека ликот, делото и саможртвата на народниот херој К.Ј-Питу, ќе биде вечно вградена во македонската држава, бидејќи преку партизанската борба и положувањето на животите на младите македонски партизани во текот на Втората светска војна, се создала и утврдила македонската современа држава. Од друга страна историчарот Здравко Стојкоски, во својот говор потсети за историската улога на Кузман Јосифовски-Питу и неговите соборци, и колку нивната борба била клучна за формирање на Македонија како суверена држава и конститутивна единица во рамките на идната заедничка држава СФР Југославија.

Кузман Јосифовски –Питу е македонски народен херој кој заедно со Орце Николов, Мирче Ацев, Стеван Наумов-Стив, Христијан Тодоровски-Карпош се главните организатори на антифашистичкото движење и народноослободителната борба во Македонија, и токму поради неговата неуморната народно-ослободителна дејност е наречен „Гоце Делчев на НОБ“. Пригодниот настан беше збогатен со драмски изведби и рецитали на ученици како од основните училишта во Карпош, така и од основни училишта од општините Кисела Вода и Ѓорче Петров. Наместо икебани, оваа година присутните положија свежо саксиско цвеќе, кое по одбележувањето ќе биде засадено во „Паркот на револуцијата“, кај спомениците на Првиот скопски Партизански одред.

